*Битола*

## Качка Каличка

Си-б'еше шо-не-с'и-беше. Си-б'еше една-б'аба и еден-д'едо. Си-н'емале д'еца. Си-н'ашле едно-ч'упе и му-го-кл'але името К'ачка К'аличка. Еден-д'ен д'едото и б'абата 'оi̯доја ц'рква и му-р'екле на-ч'упето да-не-т'арашва ф-к'уќи, да-с'еди м'ирна дури-да-д'о[а]т. На-м'ангало 'имало едно-г'рне со-гр'а да-се-в'ари. К'ачка К'аличка в'идела на-п'олицата на-ѕ'идо едно-ј'аболко и се-к'ачила на-ст'олето да-го-з'еми. Се-сл'изнала и п'аднала во-г'рнето со-гр'а и се-поп'арила. Ко-се-вр'атиле б'абата и д'едото 'от-црква, тр'опале, тр'опале на-п'ортата да-му-'отвори К'ачка К'аличка, 'ама н'икој не-му-'отвори. Ја-ск'ршиле п'ортата и вл'егле д'ома. Ч'екале, ч'екале да-д'оi̯ ч'упето да-р'уча͡ат, ама н'е-дошло. С'еднале да-р'уча͡ат. Си-т'уриле гр'а во-п'аi̯нцата да-ј'адат. Ко-си-т'уриле по-фт'ор-пат, оти-б'иле н'огу гл'адни, во-п'аi̯нцата шл'уп! п'аднала К'ачка К'аличка. Ф'атиле да-пл'ачат, да-пл'ачат и од-ж'ал' 'умреле. Кога-сл'ушнала к'уќата, од-ж'ал си-и-ист'урила ѓерам'идите. Д'ошла стр'ачката и ја-пр'ашала к'уќата з'ошто и-'истурила ѓерам'идите. К'уќата му-р'екла: "К'ако да-не-и-'истурам? Н'е-знаi̯ш шо-с'е-стори? К'ачка К'аличка в-г'рне се-п'опари. Ст'арите пл'акаја и 'умреја и 'ете ј'ас ѓерам'идите." Кога-сл'ушнала стр'ачката, од-ж'ал му-п'аднала оп'ашката и л'етнала. 'Ошла кај-кр'ушата и му-р'екла "Ш'о-е 'ова н'а-тебе, с'амо кр'уши р'аѓаш а н'е-знаi̯ш шо-с'е-стори?" Кр'ушата ја-пр'ашала шо-с'е-стори. Стр'ачката му-р'екла: "К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја – 'умреја, к'уќата – ѓерам'идите и 'ете ј'ас оп'ашката. "Кога-го-сл'ушна т'о[а] кр'ушата и гррр! – с'ите кр'уши и-'истури н'а-земи од-ж'ал'. П'отаму стр'ачката в'идела едно-б'ајче кај-шо-си-п'аси тр'ева и му-р'екла: "Ш'о-праi̯ш т'и, само-п'асиш, а н'е-знаi̯ш шо-с'е-стори?" И му-к'ажала сѐ по-р'ет. Т'огај на-б'ајчето од-ж'ал' му-се-изр'онале с'ите з'аби. П'осле стр'ачката 'ошла ц'рква кај-шо-п'еi̯ше п'опо и му-р'екла: "Т'и, п'опе, само-п'еi̯ш, а н'е-знаi̯ш шо-с'е-стори?" И му-к'азала сѐ по-р'ет: "К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја – 'умреја, к'уќата – ѓерам'идите, стр'ачката оп'ашката, кр'ушата кр'ушите, б'ајчето з'абите, а т'и само-п'еi̯ш." Т'огај п'опо си-го-'извai̯ н'ож'ето од-џ'ебо и тр'ак! си-го-пр'есече мали'о-прс од ж'ал'. 'Ошол д'ома и поп'ајата го-пр'ашва з'ошто си-го-пр'есекол п'рсто. П'опо му-р'екол: "'Е к'ако да-не-си-г'о-сечам! "К'ачка К'аличка г'рне се-п'опари, ст'арите пл'акаја и 'умреја, к'уќата ѓерам'идите, стр'ачката оп'ашката, кр'ушата кр'ушите, б'ајчето з'абите, ј'ас п'рсто, а т'и с'амо пр'едиш." Т'огај поп'ајата како-шо-пр'едела со-ф'урката, ја-з'ела и ја-ск'ршила н'а-две и ја-ф'рлила.

Христина Димоска 75 г. (Божидар Видоески)